Уп. бр.08-61

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија, доставено преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 02.06.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија стекнува контрола над друштвата Нетворкс – Бугарија ЕООД, со седиште на Црковна независимост 18, Русе 7000, Бугарија, ТВН Дистрибушн Бугарија ЕООД, со седиште на Црковна независимост 18, Русе 7000, Бугарија и Телко Инфраструкчрс ЕООД, со седиште на Миле Поп Јорданов 18, Русе 7000, Бугарија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 12.05.2021 година а дополнето на 18.05.2021 година и 25.05.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија, со која Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија стекнува контрола над друштвата Нетворкс – Бугарија ЕООД, со седиште на Црковна независимост 18, Русе 7000, Бугарија, ТВН Дистрибушн Бугарија ЕООД, со седиште на Црковна независимост 18, Русе 7000, Бугарија и Телко Инфраструкчрс ЕООД, со седиште на

Миле Поп Јорданов 18, Русе 7000, Бугарија. Сите друштва се во сопственост на физичко лице, Свилен Руменов Максимов. Исто така, со стекнувањето на друштвата Нетворкс, Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија ќе го стекне и неговото зависно друштво Онлајн Директ ЕООД, со седиште на Индустриална 11, Софија 1202, Бугарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија е регистриран телекомуникациски оператор во Бугарија, кој работи под брендот "Vivacom" и обезбедува услуги на фиксна и мобилна телефонија, широкопојасен пристап до Интернет преку разни видови инфраструктура (оптички кабел, бакарна паричка и сателит) и пренос на податоци преку мобилната и фиксната мрежа во Република Бугарија.

Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија е дел од Јунајтед Груп *(United Group)* групацијата на друштва која пружа телекомуникациски и медиски услуги во неколку држави во регионот, а која е за возврат во сопственост на фондовите кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП *(BC Partners LLP*), меѓународен инвестиционен фонд со седиште во Лондон.

БЦ Партнерс *(BC Partners*) се присутни во Северна Македонија преку (индиректни) зависни друштва.

- Тотал ТВ д.о.о. Скопје со регистрирано седиште на адреса бул. ВМРО 3 Центар Скопје, кое е активно во дистрибуција на медиска содржина;
- Директ Медија д.о.о.е.л со регистрирано седиште на адреса Орце Николов 68/3 Центар, Скопје, која се занимава со маркетиншки дејности.

Нетворкс – Бугарија ЕООД е телекомуникациски оператор кој се занимава со давање на услуги на дистрибуција на медиумска содржина, пристап на интернет исклучиво на територијата на Република Бугарија. Нетворкс – Бугарија ЕООД во моментов е 100% во сопственост на физичкото лице: Свилен Руменов Максимов од Бугарија. Нетворкс има зависно друштво Онлајн Директ ЕООД кое исто така е предмет на стекнување.

Нетворкс нема поврзани друштва или активности во Северна Македонија.

ТВН Дистрибушн Бугарија ЕООД е телекомуникациски оператор кој се занимава со давање на телекомуникациски услуги и услуги на пренос на телевизиски програми. Работи исклучиво во Република Бугарија. ТВН Дистрибушн Бугарија ЕООД моментов е 100% во сопственост на физичкото лице: Свилен Руменов Максимов од Бугарија.

ТВН Дистрибушн Бугарија ЕООД нема поврзани друштва или активности во Северна Македонија.

Телко Инфраструкчрс ЕООД е телекомуникациски оператор кој се занимава со изградба на преносна и дистрибутивна мрежа. Работи исклучиво во Република Бугарија. Телко Инфраструкчрс ЕООД во моментов е 100% во сопственост на физичкото лице: Свилен Руменов

Максимов од Бугарија.

Телко Инфраструкчрс ЕООД нема поврзани друштва или активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**